**- седница на 20.01.2014година**

**З А К Л У Ч О К**

**Во ситуација кога покрај главниот должник спрема кого пристигнатото парично побарување се докажува со веродостојна исправа( чл.418 од ЗПП и чл.16-в од ЗИ) а барањето е насочено и кон друго лице како гарант на исполнувањето на обврската на кого не гласи веродостојната исправа, доверителот треба своето побарување да го остварува пред Нотар, со предлог за донесување на решение за извршување врз основа на веродостојна исправа а во согласност со чл.16-в од ЗИ. Пред суд може да го остварува своето побарување, само доколку го докаже правниот интерес.**

**-седница на 11.02.2014година**

**З А К Л У Ч О К**

**За една година застаруваат побарувањето на пошта, телеграф и телефон за употреба на телефон и на поштенски преградоци, како и другите нивни побарувања што се наплатуваат во тримесечни или во пократки рокови, согласно чл.367 ст.1 т.3 од ЗОО, без разлика дали како тужен се јавува физичко лице или правно лице.**

**-седница на 25.03.2014година**

**З А К Л У Ч О К**

**Правното лице е обврзник за плаќање за потрошена електрична енергија за деловен простор, во состојба кога на деловниот простор како потрошувач е евидентирано правното лице иако во случајот основните средства се сопственост на физички лица.**

По однос на барањето на Граѓанскиот оддел на Основен суд Битола ( врска ППНИ.бр.609/13 од 17.03.2014 година) и барањето Су.бр.03-200/14 од 13.03.2014 година, судиите ги донесоа следните:

**З А К Л У Ч О К**

**Кога претседателот на судот, по барање на должник, донесе решение со кое е определен месечен минимум на финасиски средства неопходни за вршење на дејноста на должникот, врз**

**основа на чл.221 од Законот за извршување, донесеното решение се однесува само на конкретниот предмет по кој е донесено.**

**Доколку против должникот се водат повеќе извршни предмети, постои можност, Претседателот на судот со една одлука да ги опфати сите извршни предмети кои се во тек, а се наведени во самото барање.**

**З А К Л У Ч О К**

**Во постапката за определување на надоместок за експроприрана недвижност, како и во постапката за определување на надомест за востановено право на службеност, надоместокот за трошоците на постапката се досудува сразмерно на успехот на учесниците во постапката, согласно чл.248 од ЗВП.**

**-седница на 15.05.2014год.**

**З А К Л У Ч О К**

**На работникот вработен во Јавно претпријатие му следува регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок, ако ваквото право е предвидено во Колективниот договор на ниво на гранка или во Колективниот договор на ниво на работодавач.**

По однос на правното прашање поставено од Апелациониот суд Скопје, граѓанските судии при АС Битола го заземаа следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**На полициските службеници вработени во единицата за специјални задачи во Министерството за внатрешни работи им следува надомест за прекувремена работа согласно Колективниот договор на МВР.**